## АНАЛИЗА - ГРАДЕЖНИШТВО 2005 - 2016

За развојот на македонската економија, градежништвото има значајна улога и претставува гранка која со себе повлекува односно вклучува многу други економски гранки (околу 25 гранки), а тоа е еден од показателите за развојот на економијата во земјата.

Во изминатите години градежната активност во Македонија е во постојан подем, а како доказ за тоа е вредноста на извршените градежни работи која бележи постојан пораст.

Светската криза која започна во 2007/2008 година, немаше негативно влијание врз градежништвото, од причина што во овој период се зголеми ангажираноста во изведба на голем број објекти од јавен карактер, поддржани од државните институции, но и вложувања во станбената изградба од страна на приватниот капитал.

Кон оваа констатација говорат и следните податоци, кои се користени од Државниот завод за статистика и од градежни компании:

### 1. *Бруто домашен производ - БДП*

| Година | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % учество на додадена вредност на градежништво во БДП | 5,3 | 5,5 | 5,7 | 4,9 | 5,2 | 5,6 | 6,5 | 6,8 | 7,1 | 6,9 | 6,9 |

Учеството на додадената вредност на градежништвото, во последните десетина години е во постојан раст, а посебно по 2008 година, кога градежништвото е максимално ангажирано. Носители на поголемите градежни активности се средните и големите компании, кои во формирање на БДП за градежништвото учествуваат со близу 80% - 90% и вработуваат преку 75% од вработените во градежништвото.

### 2. *Бројот на активните компании*

| Година | Вкупно на ниво на РМ | Градежништво | % учество на градежништвото |
|---|---|---|---|
| 2005 | 175.557 | 7.832 | 4.6 |
| 2009 | 70.710 | 4.004 | 5.7 |
| 2010 | 75.497 | 4.368 | 5.8 |
| 2011 | 73.118 | 4.400 | 6.0 |
| 2012 | 74.424 | 4.541 | 6.1 |
| 2013 | 71.290 | 4.322 | 6.1 |
| 2014 | 70.659 | 4.349 | 6.2 |
| 2015 | 70.139 | 4.429 | 6.3 |
| 2016 | 71.519 | 4.747 | 6.6 |

*Податоци кои ги има во Државниот завод за статистика

Во вкупниот број на компании, во последните неколку години, околу 24% се компании кои се ангажирани за изградба на згради, околу 8% за нискоградба и 68% за специјализирани градежни работи односно занаетчиски работи.

Во активните градежни претпријатија околу 95 % се микро и мали фирми, додека околу 10% се средни и големи претпријатија. Во последните неколку години се забележува и зголемување на бројот на компании кои имаат вработено од 50 до 250 вработени и над 250 вработени, што говори дека се зголемува и потребата од ангажирање на работници за изведување на градежните работи на објектите од јавен и приватен сектор.

## 3. *Број на вработени во градежништвото*

| | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 570.404 | 590.234 | 609.015 | 629.901 | 637.855 |
| Градежништво | 43.203 | 38.006 | 39.381 | 40.749 | 41.060 |
| *учество во %* | *7,6* | *6,43* | *6,46* | *6,4* | *6,4* |

| | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 645.085 | 650.554 | 678.838 | 690.188 | 715.758 | 723.550 |
| Градежништво | 39.961 | 41.024 | 46.955 | 48.143 | 50.433 | 52.140 |
| *учество во %* | *6,2* | *6,3* | *6,9* | *7,0* | *7,04* | *7,20* |

Бројот на вработените во градежништвото, во вкупно вработените на ниво на државата се движи околу 6%-7%.

## 4. *Извршени градежни работи*

Во изминатите неколку години градежништвото бележи тренд на зголемување во ангажирањето и тоа, како во високоградбата, така и во нискоградбата. Вредноста на извршените градежни работи[1] се должи на зголемените градежни активности на објектите и од високоградбата (станбени и нестанбени објекти) и на објектите од нискоградбата (транспортната инфраструктура; цевоводи, водови и електрични водови; комплексни конструкции во индустријата; други објекти од нискоградба (спортски објекти); како и реконструкција, санација, адаптација, големи поправки и редовно одржување на објектите). Особено хидроградбата во иднина ќе има голем подем со изградбата на хидроцентрали. Во истиот период, и површината на изградените станови бележи промени. Во изведба на станбени згради и станови вклучени се градежните компании кои градат станови за пазар, на претходно обезбедени локации, било на купено државно земјиште или земјиште од приватни лица, како и изградба на станови за семејства со ниски примања или за деца без родители.

[1] Вредноста на извршените градежни работи претставува вредност на реално извршените градежни работи во текот на извештајната година. Вредноста на извршените градежни работи треба да ги опфати и сите занаетчиски и инсталатерски работи и услуги извршени во текот на годината.

| | Договорени градежни работи (во илјади денари) | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Високоградба | Нискоградба |
| 2010 | 15.664.643 | 8.813.525 | 6.851.118 |
| 2011 | 20.234.426 | 12.357.714 | 7.876.712 |
| 2012 | 22.045.682 | 13.790.020 | 8.255.662 |
| 2013 | 37.257.672 | 22.130.290 | 15.127.382 |
| 2014 | 44.346.789 | 21.582.944 | 22.763.845 |
| 2015 | 75.048.905 | 22.256.61 | 52.792.144 |
| 2016 | 76.317.478 | 24.563.791 | 51.753.687 |




| | Извршени градежни работи (во илјади денари) | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Високоградба | Нискоградба |
| 2010 | 11.551.789 | 6.161.403 | 5.390.386 |
| 2011 | 14.837.711 | 8.415.847 | 6.421.863 |
| 2012 | 16.039.786 | 9.750.035 | 6.289.752 |
| 2013 | 22.957.281 | 11.106.760 | 11.850.521 |
| 2014 | 22.186.891 | 11.196.157 | 10.990.734 |
| 2015 | 31.240.042 | 11.643.372 | 19.596.669 |
| 2016 | 33.735.121 | 11.513.816 | 22.221.305 |




## *5. Потрошени градежни материјали и енергија, по години*

| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 3.871.261 | 3.642.056 | 3.376.555 | 4.849.180 | 5.457.643 |

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 6.076.234 | 7.747.420 | 9.201 833 | 10.023.494 | 9.099.609 | 11.633.786 |




Со зголемување на бројот за изградба на објекти, се зголемува и вредноста на вградените материјали, што говори како податок дека, градежништвото е двигател на економијата на земјата, при штои кај другите гранки имаме зголемување на производството.

## 6. *Станбена изградба*

Вредноста на изведените работи во станбените објекти учествува со околу 17% - 21% во вкупно изведените работи во високоградбата.

Број на изградени/завшени станови

| Година | 1990 | 1995 | 2000 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Станови | 10189 | 4640 | 5316 | 5010 | 6493 | 5820 | 5144 | 4710 |

| Година | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Станови | 5152 | 5254 | 6433 | 6528 | 5356 | 5297 | н/а |

Просечни цени на станови за кои е договорена изградба по 1 м2 во денари, по години

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| На ниво на РМ | 32.961 | 39.973 | 45.485 | 55.556 | 51.644 | 52.125 |
| На ниво на град Скопје | 45.715 | 41.342 | 47.859 | 57.372 | 56.795 | 64.127 |

| | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| На ниво на РМ | 50.131 | 49.941 | 46.825 | 46.505 | 46.085 | 43.091 |
| На ниво на град Скопје | 58.958 | 58.687 | 54.857 | 53.878 | 52.916 | 50.829 |

Цената на 1м2 ја сочинуваат следните трошоци:
- Трошоци за градежно земјиште (купување на земјиштето, цената зависи од локацијата и се движи од 1 евро/м2 почетна цена)
- Трошоци за градење (градењето вклучува и уривање на постоечки станбени згради, чистење на градилиштето, земјани работи, подигање на зградата, подигање и покривање на кровната конструкција, инсталатерски и завршни работи на зградите и становите)
- Останати трошоци (обезбедување одобрение за градење, проектирање, премер на земјиштето, стручен надзор и друго)

## 7. *Просечно исплатена нето-плата по вработен во градежништвото (денари)*

| | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Градежништво | 10299 | 10369 | 11617 | 12973 | 15198 | 16425 |

| | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Градежништво | 16187 | 16310 | 17197 | 19179 | 19907 | 21439 |

Платите во градежништвото, земена е просечна нето плата исплатена во декември во тековната година, бележат континуиран пораст, така што споредено платата во декември 2011 година со декември 2016 година е зголемена за околу 30%.